Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ број 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), член 21 став 2 и член 22 став 2 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија” 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12 и 100/12) и член 7 алинеја 5 од Законот за стручно образование и обука („Службен весник на Република Македонија” број 71/06, 117/08, 148/09 и 17/11), министерот за образование и наука донесе наставна програма по **естетско обликување на облеката** за **II година,** текстилно-кожарска струка – образовен профил конфекциски компјутерски оператор за учениците во средното стручно образование.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

НАСТАВНА ПРОГРАМА

Естетско обликување на облеката

II ГОДИНА

ТЕКСТИЛНО-КОЖАРСКА СТРУКА

Конфекциски компјутерски оператор

Скопје, 2012 година

1. ИДЕНТИФИКАЦИСКИ ПОДАТОЦИ

1.1. Назив на наставниот предмет: ЕСТЕТСКО ОБЛИКУВАЊЕ НА ОБЛЕКАТА

1.2. Образовен профил и струка
1.2.1. Образовен профил: конфекциски компјутерски оператор
1.2.2. Струка: текстилно-кожарска

1.3. Диференцијација на наставниот предмет
1.3.1. Стручно образование: предмет карактеристичен за образовниот профил

1.4. Година на изучување на наставниот предмет
1.4.1. Втора година

1.5. Број на часови на наставниот предмет
1.5.1. Број на часови неделно: 3 часа
1.5.2. Број на часови годишно: 108 часа

1.6. Статус на наставниот предмет
1.6.1. Задолжителен предмет

2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

По совладувањето на наставната програма по наставниот предмет ***естетско обликување на облеката,*** ученикот стекнува знаења и се оспособува:

- да дефинира поим естетика;
- да го толкува значењето на дизајнот на облекување како дел од културата на живеење;
- да го познава развојот на облеката низ разни историски епохи и разни историски култури;
- да користи ликовни вредности од природата и да ги применува во естетското обликување на облеката;
- да применува ликовни елементи и принципи во естетското обликување на облеката;
- да скицира и изработува модели на современа облека;
- да го следи современото облекување и постоечките трендови во облеката (модата);
- да ги познава процесите за изработка на облеката од идеја до готов производ;
- да трансформира елементи од историски костим во современа облека;
- да ги користи вредностите на дизајнот од народното творештво во практиката;
- да ги разликува материјалите за изработка на облека;
- да развива сензибилитет за боите и нивната примена во хармонична целина со другите ликовни елементи;
- да развива вештини за индивидуална и тимска работа;
- да ја негува културата на облекување во рамките на културата на живеење;.
- да познава основни пропорции на човековото тело;
- да ги познава основните поими за дизајн;
- да го познава компјутерскиот дизајн на облеката.

3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За успешно совладување на содржините и за постигнување на целите на наставната програма по предметот ***естетско обликување на облеката*** потребно е ученикот да поседува знаења по наставните предмети: ликовна уметност, технологија на текстил и кожа, текстилно–кожарски суровини и конструкција на облека.

4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

4.1. Структурирање на содржините за учење

Тематски целини	Бр. на час.	Конкретни цели	Дидактички насоки	Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите
ПОИМ И ЗНАЧЕЊЕ ЗА ЕСТЕТИКА И ЕСТЕТСКО ОБЛЕКУВАЊЕ	**6**	***Ученикот:*** - да го дефинира поимот естетика; - да ја сфаќа естетиката како филозофска дисциплина; - да ги објаснува естетските карактеристики на народното творештво; - да разликува видови дизајн; - да го толкува значењето на дизајнот на облекување како дел од културата на живеење;	- толкување на поимот естетика; - објаснување за значењето на естетиката; - укажување на значењето на естетиката во народното творештво; - објаснување и презентирање на видови дизајн;	Ликовна уметност
ВИЗУЕЛНИ ЕЛЕМЕНТИ	**18**	- да ги познава следните основни визуелни елементи: линијата како основен ликовен елемент; бојата како визуелен елемент; основните и секундарните бои, хроматските и ахроматските бои; тоналитетот; површина, форма и елементи на формата;	- дефинирање на основните визуелни елементи; - разликување на различните видови бои; - препознавање на површината и формата	Ликовна уметност

		- да користи во своите креации ликовни елементи и принципи; - да применува естетски сознанија од разни историски епохи (модна силуета, модни детали и сл.);	(дводимензионална и тродимензионална); - идентификување на основните визуелни ефекти; - објаснување на основните карактеристики на визуелните ефекти; - презентирање примероци од разни видови материјал за дизајнирање на облека; - презентирање примероци од украси и други детали на облека и накит од разни историски епохи;	

КОМПОЗИЦИЈА И ПРИНЦИПИ НА КОМПОНИРАЊЕ	**15**	- да го дефинира поимот композиција; - да го дефинира поимот хармонија; - да ги поврзува пропорциите и единството на композицијата; - да ги идентификува карактеристиките на поимот контраст; - да го толкува поимот рамнотежа;	- опишување на поимот композиција; - објаснување на примената на видовите композиции; - опишување на поимот хармонија; - откривање на карактеристиките на контрастот; - истакнување на значењето на поимот рамнотежа;	Ликовна уметност
ИСТОРИЈА НА ОБЛЕКУВАЊЕТО	**12**	- да го познава развојот на облеката низ разни историски епохи и разни историски култури; - да ги препознава карактеристиките на облеката во Египет, Стара Грција,Римско Царство, Византија, Романика, Готика, Ренесанса, Барок, Рококо и стиловите низ XIX-от и XX-от век; - да скицира елементи на облеката од разните историски епохи; - да ги воочува карактеристиките на облеките кај современите модни трендови;	- презентирање креации од различни временски периоди со помош на фотографии; - дискутирање за карактеристиките на облеката низ различните временски периоди; - скицирање на облека од различни историски епохи;	Ликовна уметност

ОБЛЕКАТА И ЕСТЕТСКИОТ ФАКТОР ВО XX век СОВРЕМЕНИ МОДНИ ДВИЖЕЊА ВО XXI век	**12**	- да се запознае со развојот на облеката во XX век; - да ги препознава карактеристиките на облеката во XX век; - да ги познава главните центри на модата во втората половина на XX век;	- прикажување слики и фотографии на облека од XX век; - презентирање слики од облека која е дизајнирана од светски познати дизајнери; - дискутирање за карактеристиките на облеката со современ дизајн;	Ликовна уметност
ПОИМ ЗА ДИЗАЈН (елементи, методи и постапки)	**12**	- да го дефинира поимот дизајн; - да ги идентификува видовите дизајн (моден, графички, текстилен, индустриски); - да ја објаснува улогата на дизајнот во современото облекување; - да го толкува дизајнот како дел од културата на живеење;	- опишување на поимот дизајн; - класифицирање на дизајнот; - користење визуелни фотографии, прилози и скици; - применување на информатичката технологија во современиот дизајн;	Ликовна уметност

ПРОПОРЦИИ НА ЧОВЕКОВОТО ТЕЛО	**8**	- да ја познава градбата на човековото тело; - да ја разбира пропорционалноста на деловите на човековото тело; - да скицира човеково тело;	- потенцирање на разликите во градбата на нормално градено машко и женско тело; - укажување на важноста на градбата на телото при креирање на облеката; - интерпретирање на пропорционалноста и држењето на човековото тело преку скици и цртежи; - скицирање на човековото тело;	Биологија
КОМПЈУТЕРСКИ ДИЗАЈН НА ОБЛЕКА	**25**	- да трансформира форми и други естетски вредности при компјутерското дизајнирање на облеката; - да дизајнира едноставни модни детали (капа, колани,ракавици) - да дизајнира кошула, панталони, блуза во современ дизајн - да применува компјутерско дизајнирање на различни видови облека од идеја до готов производ - да дизајнира компјутерски делови од облека.	- објаснување на целите на компјутерското дизајнирање; - презентирање модни додатоци (скици); - применување на компјутерско дизајнирање на модни додатоци: - усовршување за користење на различни видови информатички програми за дизајнирање на облека.	Конструкција и моделирање на облека Информати-ка

Наставни методи и активности на учење

Согласно со целите на наставниот предмет ***естетско обликување на облеката,*** наставникот применува современи наставни методи (стратегии) во зависност од наставната целина, односно наставната единица, кои на ученикот му даваат можност да биде активен учесник во наставата. Овие наставни методи (стратегии) подразбираат примена на фронтална и индивидуална форма за работа, работа во групи, во парови/тандем.

Во текот на наставата, наставникот ги презема следниве активности: објаснува, демонстрира, црта, дава упатства за работа, опишува, анализира, прикажува фотографии, слики, цртежи, скици, видеоинсерти, ЦД-роми, ја следи работата на ученикот, го мотивира ученикот, ги оценува постигањата на ученикот и др.

Во текот на наставата по предметот, активноста на ученикот се состои во слушање, дискутирање, самостојно дизајнирање на предмети за облекување, прибележување, набљудување, споредување, изработување домашни и проектни задачи и друго.

4.3. Организација и реализација на наставата

Воспитно–образовната работа по наставниот предмет ***естететско обликување на облеката*** се реализира преку стручно-теоретска настава и практично-творечка работа од областа на дизајнот во специјализирана училница или кабинет-училница која е опремена со наставни средства и помагала. Образовните активности се организираат во две полугодија, преку неделен распоред на часовите. Бројот на часовите кој е даден за одделните наставни целини во точка 4.1. од овој документ, опфаќа часови за обработка на нови наставни содржини, вежби, изработка на проектни задачи, скицирање на модели, повторување, утврдување, посета на саеми, модни ревии, конфекциски погони на трговските друштва од текстилната дејност и други манифестации од културата, а кои се од значење за наставниот предмет.

.

4.4. Наставни средства и помагала

За поефикасно постигнување на целите се применуваат разни наставни средства, помагала и материјали. Во зависност од наставната единица се користи: графоскоп, телевизор, визуелни уреди, ЦД и ДВД-дискови со снимени содржини од областа на дизајнот на облеката, шеми, илустрации од модни списанија, примероци од народни носии, историски костими и нивни детали, скици/нацрти за современа облека, фотографии и уметнички дела од ликовното творештво и дизајнот, репродукции, каталози, цртачки и сликарски материјали и техники (молив, пастел, јаглен, туш бајц, фломастер, темпера, акрил) и други наставни средства и помагала.

За поуспешно совладување на целите на предметот, се користи соодветна литература и тоа: учебници и учебни помагала од областа на ликовната култура и дизајнот на облеката, проекти за дизајн за современа облека, модни списанија, наставни материјали подготвени од страна на наставникот и дополнителна литература за ученикот и наставникот.

5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Оценувањето на постигањата на учениците се врши преку следење и вреднување на знаењата, умеењата, творечките способности на учениците, континуирано во текот на целата учебна година, усно, како и преку креации-нацрти на дизајн на облека кои се користат по обработката на секоја наставна целина. Секој ученик во текот на едно полугодие добива најмалку две оценки. Доколку ученикот не ја совлада наставната програма по предметот, се постапува според законската регулатива.

6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

6.1. Основни карактеристики на наставниците

Покрај условите пропишани со Законот за средно образование, наставникот по наставниот предмет ***естетско обликување на облеката*** треба да ги поседува следните индивидуални, професионални и педагошки карактеристики: да е психофизички здрав, да нема визуелни мани (далтонизам), да го применува литературниот јазик и писмото на кој се реализира наставата, да е комуникативен, подготвен за соработка, да има соодветно професионално образование, со или без работно искуство, да ја сака педагошката работа, да е подготвен за примена на иновации во воспитно-образовната работа, да е добар организатор, креативен, да ја почитува личноста на ученикот.

6.2. Стандард за наставен кадар

Наставата по предметот ***естетско обликување на облеката*** ја реализираат кадри со завршени студии по:
- применета уметност: костимографија, дизајн на облека;
- ликовни уметности: насока модно креирање;

по искучок:
- технологија: конфекциска насока;
- технологија: насока - дизајн и инженеринг на облеката

и со здобиена педагошко-психолошка и методска подготовка и положен стручен испит.

6.3. Стандард за простор

Наставата по наставниот предмет ***естетско обликување на облеката*** се реализира во специјализирана или кабинет-училница, опремена според Нормативот за простор и опрема за образовниот профил конфекциски техничар од текстилно-кожарската струка.

7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

7.1. Датум на изработка: мај, 2012 година

7.2. Состав на работната група:
1. Лепа Трпчевска, советник во ЦСОО – Скопје;
2. Д-р Соња Ќортошева, член, доцент, Технолошко-металуршки факултет – Скопје;
3. Алберто Николовски - член, наставник, СОУ „Ванчо Прке” – Виница;
4. Никола Ристов – член, дипл.текст. инж.;
5. Лира Грабулоска, член, наставник, ДУПУ „Лазар Личеноски” – Скопје.

8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: 01.09.2012 година

Одобрил:
Зеќир Зеќири, директор

9. ПОТПИС И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по **естетско обликување на облеката** за **II година,** текстилно-кожарска струка, образовен профил-конфекциски техничар за учениците во средното стручно образование, на предлог на Центарот за стручно образование и обука ја донесе Министерот за образование и наука со бр.11-4797/3

Министер

на ден, 15.11. 2012 година
Скопје

_____
м-р Панче Кралев